JUB kemična industrija d.o.o.
Dol pri Ljubljani 28
SI-1262 Dol pri Ljubljani
Slovenija

Член на Групацијата ЈУБ

Боите го менуваат домот

**ТЕХНИЧКИ ЛИСТ 13.02-мк**
МАСИ ЗА ФУГИРАЊЕ

# FUGALUX 1 – 10

маса за фугирање

## 1. Опис, употребливост

FUGALUX 1 – 10 е прашкаста смеса **за фугирање изработена врз основа на цемент, наменета за фугирање на внатрешни и надворешни ѕидни и подни облоги од плочки** (керамички плочки и клинкери од сите видови, стаклени и други мозаици, плочи од природен и вештачки камен) во станбени, деловни и јавни објекти. Соодветна е за **пополнување на фуги со широчина и длабочина до 10 mm**, како и за подни облоги од плочки во простории со подно греење. Се одликува со **висока отпорност на абење** и **добра водоодбивност со изразит „drop“ ефект,** и **долготрајна отпорност против ѕидна мувла.**

За фугирање на облоги од плочки за кои исклучиво се бара киселинска и алкална постојаност (облоги од плочки во индустриски објекти, занаетчиски работилници, лаборатории итн.), фугирната маса FUGALUX 1 – 10 не одговара, а ниту ги исполнува барањата за маси за фугирање за пополнување на какви било дилетациски фуги, облоги од плочки во базени за пливање и пополнување на фугите помеѓу плочки и други елементи на керамички печки.

## 2. Начин на пакување, нијанси на бои

хартиени кеси од 2 kg

- 10 (бела), 11 (јасмин), 12 (слонова коска), 13 (беж), 14 (менхетн), 15 (црна), 16 (сива), 17 (зелена), 18 (кафеава), 19 (темно кафеава), 20 (костен), 21 (црвена), 22 (сина), 23 (ултрамарин), 24 (агава), 25 (карамел), 26 (кајсија), 27 (жолта), 28 (мимоза), 29 (ментол) според JUB-ова тон карта МАСИ ЗА ФУГИРАЊЕ

хартиени кеси од 5 kg

- 10 (бела), 13 (беж) и 14 (менхетн) според JUB-ова тон карта МАСИ ЗА ФУГИРАЊЕ

Маси од различни нијанси можеме меѓусебно да ги мешаме во произволни односи!

## 3. Технички податоци

| Особини | | Гарантирани вредности | Барања SIST EN 13888 |
|---|---|---|---|
| густина – смеса подготвена за вградување (kg/dm$^3$) | | ~1,80 | - |
| температурна постојаност на вградената маса за фугирање ( ºC) | | -40 до +80 | - |
| постигнати особини на цврстина на вградената маса за фугирање | гарантирана отпорност на газење | 12 часа по фугирање | - |
| | дозволено максимално оптоварување | 7 дена по фугирање | - |
| цврстина на притисок по замрзнување EN 12808-3 (MPa) | | >20,0 | >15,0 |
| цврстина на виткање по замрзнување EN 12808-3 (MPa) | | >5,0 | >3,5 |
| собирање EN 12808-4 (mm/m) | | <2,0 | <2,0 |
| впивање на вода по 4-часовно натопување EN 12808-5 (g) | | <2,0 | <5,0 |

главни состојки: цемент, полимерно врзиво, калцитни и кварцни полнила, целулозен згуснувач, пигменти, хидрофобни додатоци

класификација според SIST EN 13888: **CG2ArW**

## 4. Подготовка на подлога

Времето потребно облогите од плочки да постигнат состојба соодветна за фугирање, зависи од видот на употребениот малтер за лепење, од условите на сушење на малтерот за лепење (температура на воздухот и подлогата, релативна влажност на воздухот, влажност и впивливост на подлогата, големина и впивливост на плочи, односно плочки и сл.) и од други фактори. Ориентациски вредности за „нормални услови“ (T = +20 ºC, релативна влажност на воздух = 65 %) се наведени во долната табела:

| Вид на облога | Стандардни лепила | Брзоврзувачки лепила | Класични цементни малтери |
|---|---|---|---|
| облоги од ѕидни плочки | ~8 часа по лепење на облогата | ~2 часа по лепење на облогата | ~2 до 3 дена по лепење на облогата |
| облоги од подни плочки | ~24 часа по лепење на облогата | ~4 часа по лепење на облогата | ~7 дена по лепење на облогата |

Облогата од плочки, заедно со фугите, темелно ја чистиме од остатоци и грутки од лепило, прашина и други нечистотии. Доколку при тоа ги навлажниме фугите, со фугирање можеме да започнеме дури откога фугите сосема ќе се исушат

## 5. Подготовка на масата за фугирање

Содржината на кесата (5 kg, односно 2 kg) со постојано мешање ја ставаме во соодветна количина на вода (~1,5 l, односно ~0,6 l). Ја мешаме со електрична мешалка за да добиеме хомогена смеса во вид на паста (без грутки). Чекаме 5 минути за да набабри, потоа повторно темелно ја промешуваме, а доколку е потребно при тоа на масата и додаваме уште малку вода. Подготвената смеса треба да се потроши за околу 2 часа.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!
За фугирање на поединечни површини употребуваме само маса за фугирање од истата дата на производство, односно од една единствена производствена шаржа бидејќи помеѓу шаржите може да дојде до помали разлики во нијансите на боите. Доколку за фугирање на големи површини масата ја подготвуваме повеќе пати, секоја мешавина ја подготвуваме со еднаква количина на вода.

## 6. Вградување на масата за фугирање

Масата за фугирање ја нанесуваме со гумена лопатка, односно со гумена мистрија и на косо (приближно под агол од 45 ° на насока на фугите) ја втиснуваме во фугите. Кога „филмот“ на облогата од плочки ќе ја промени бојата (односно кога масата во фугата на лесен притисок со прст веќе не се деформира), што во нормални услови (T = +20 °C, релативна влажност на воздух = 65 %) се случува по 5 до 10 минути, облогата ја миеме со мек сунѓер и вода, а потоа ја бришеме со сува крпа и ја полираме.

ПРЕДУПРЕДУВАЊА!
Совпаѓањето на нијансата на вградената маса за фугирање со каталогот или со картата на бои и егалитетот на нијансата, мошне зависат од условите на сушење и зацврстување на масата, додека големо влијание има и техниката и хигиената на чистење на зафугираната површина (претерано натопување на зафугирани облоги од плочки со вода, чистење со валкана вода, оставање вода на очистени површини не е дозволено!)

Површината на рапави или многу впивливи плочки потешко се чисти, затоа секогаш, а особено во такви случаи, на пробно премачкана плочка ја проверуваме постапката на чистење пред да започнеме со фугирање. За отстранување на „филмот“ нанесен на површината на плочките можеме да си помагаме и со разредена оцетна киселина или со специјални средства за чистење и отстранување на цементни дамки.
Масата за фугирање содржи кварцен песок кој при фугирање во вонредни случаи може дури и да ја оштети површината на плочките, затоа со пробно премачкување на една од плочките ја проверуваме и отпорноста на нејзината површина на гребење.

Масата за фугирање можеме да ја вградуваме само во соодвени временски услови, односно во соодветни микроклиматски услови: температурата на воздухот и на облогите од плочки да не е пониска од +5 °C и не повисока од +25 °C; надворешните површини соодветно ги заштитуваме од сонце, ветер и врнежи, но и покрај таквата заштита во услови на дожд, магла или силен ветер (≥30 km/h) работата ја прекинуваме. При температура на воздухот или подлогата повисока од +20 °C фугите пред пополнување малку ги навлажнуваме со вода.

| |
|---|
| Приближна просечна потрошувачка:<br>0,5 – 1,5 kg/m$^2$ во зависност од широчина и длабочина на фугите и големина на плочките. |
| |
| За проценка на потрошувачката можеме да си помогнеме со следнава пресметка:<br>P = [(A + B) x C x D x 15] / (A x B)<br>P – приближна потрошувачка на маса за фугирање (kg/m$^2$); A – должина на плочката (cm); B – широчина на плочката (cm); C – дебелина на плочката (cm);<br>D – широчина на фугите (cm) |

## 7. Чистење на алат, ракување со отпадоци

Алатот веднаш по употреба темелно го миеме со вода, исушените дамки не можеме да ги отстраниме.

Прашкастите остатоци на производот ги мешаме со вода (можеме да додадеме и стврднати остатоци од малтерот и отпадоци, песок, пилевина) и стврднати ги отстрануваме на депонија за градежни (класификациски број на отпадок: 17 09 04) или комунални отпадоци (класификациски број: 08 01 12).
Исчистените хартиени кеси може да се рециклираат.

Исчистените хартиени кеси може да се рециклираат.

## 8. Безбедност при работа

Производот содржи цемент и затоа е класифициран во опасни препарати (ознака на опасност: Xi – НАДРАЗНУВА) – употребувајте го на безбеден начин, покрај општите упатства и прописи од безбедност при градежни, односно керамичарски работи и покрај во продолжение наведените дополнителни упатства, земете ги предвид и посебните упатства од безбедносниот лист.

| Предупредувачки ознаки на амбалажата | Посебни мерки, предупредувања и објаснувања потребни за безбедна работа |
|---|---|
| Xi<br><br>НАДРАЗНУВА!<br><br>ПРОИЗВОДОТ СОДРЖИ ЦЕМЕНТ! | R 36/38 Надразнува кожа и очи.<br>R 41 Опасност од тешки повреди на очи.<br><br>S 2 Да се чува надвор од дофат на деца.<br>S 24/25 Да се спречи допир со кожа и очи.<br>S 26 Доколку дојде во допир со очи, веднаш да се испира со многу вода и да се побара лекарска помош.<br>S 28 При допир со кожа веднаш да се испира со многу вода.<br>S 37/39 Да се носат соодветни заштитни ракавици и заштита за очи/лице.<br>S 46 Доколку го голтнете, веднаш да се побара лекарска помош и да се покаже амбалажата или етикетата. |

## 9. Одржување и обновување на обработени површини

Нефатената прашина и друга нефатена нечистотија можеме да ја исчистиме со метла, со правосмукалка или да ја измиеме со вода. Фатената прашина и потврдокорните дамки ги отстрануваме со лесно триење со мека четка наквасена со раствор на обични универзални средства за чистење во домаќинството, а потоа површината ја испираме со чиста вода.

Фугите од кои нечистотиите или дамките не можат да бидат отстранети на опишаниот начин, ги боиме со освежувачи за фуги кои може да се најдат во специјализирани продавници за бои. Површините заразени со ѕидна мувла пред такво боење ги дезинфицираме со едно од средствата за уништување на ѕидна мувла (препорачуваме ALGICID на JUB).

## 10. Чување, транспортни услови и времетраење

За време на транспортот производот го заштитуваме од влажнење. Да се чува во суви и проветрени простории!

Рокот на траење при чување во оригинално затворена и неоштетена амбалажа е: во кесички од 2 и 5 kg најмалку 24 месеци.

## 11. Контрола на квалитет

Карактеристиките на квалитетот на производот се определени со интерни производни спецификации и со словенечки, европски и други стандарди. Постигнувањето на декларираното или пропишаното ниво на квалитет постојано се проверува во нашите лаборатории, а повремено и во Заводот за градежништво во Љубљана и други независни стручни институции дома и во странство, а го обезбедува и во JUB пред повеќе години воведениот систем на целосно управување и контрола на квалитетот ISO 9001. При производство на производот строго ги уважуваме словенечките и европските стандарди од подрачјето на заштитата на животната средина и обезбедување на безбедност и заштита при работа, што го докажуваме со сертификатите ISO 14001 и OHSAS 18001.

## 12. Други информации

Техничките упатства во овој проспект се дадени врз основа на нашето искуство и со цел при употреба на производот да се постигнат оптимални резултати. За штета настаната поради погрешен избор на производот, неправилна употреба или неквалитетна работа не преземаме никаква одговорност.

Бојата на масата за фугирање треба да биде слична на нијансата во картата на бои, од мострата или од потврдената мостра, но од посакуваната нијанса на боја може малку да се разликува.

За контрола меродавен е правилно исушен нанос на масата за фугирање на тест подлога и стандард на предметна нијанса кој се чува во TRC JUB d. o. o. Разликата во нијансата на бојата која е резултат на несоодветна подготовка на масата за фугирање, несоодветни услови за време на вградување и зацврстување на масата за фугирање, поинакви техники на вградување на масата за фугирање од упатствата или вградување на несоодветно подготвена, влажна или недоволно сува подлога, не може да биде предмет на рекламација.

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија; го задржуваме правото на можни подоцнежни промени и дополненија.

Ознака и датум на издавање: **TRC-482/09-bg-at**, 20.11.2009

---

Податоци за издавачот

**JUB d.o.o.e.l. Skopje**

Bul. Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
Republika Makedonija
T: +389 2 2454 027
+389 2 2454 027
F: +389 2 2455 235
E: kiril.boskov@jub.com.mk
www.jub.eu

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034
OHSAS 18001 H-022